# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

"Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Четврток, 4 јули 2002
Скопје
Број 48 Год. LVIII

Аконтацијата за 2002 година изнесува 8.000 денари. Овој број чини 120 денари. Жиро сметка 300000000188798


**734.**

Врз основа на член 67 став 4 од Уставот на Република Македонија и член 9 став 4 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2002), претседателот на Собранието на Република Македонија на 4 јули 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ИЗБОРИ ЗА ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I

Се распишуваат избори за пратеници во Собранието на Република Македонија.

II

Изборите ќе се одржат на 15 септември 2002 година.

III

Со денот на објавувањето на Решението во „Службен весник на Република Македонија“ почнуваат да течат роковите за извршување на изборните дејствија.

IV

За спроведување на Решението се грижи Државната изборна комисија.

V

Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-2679/1
4 јули 2002 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

**735.**

Врз основа на член 12 став (3) од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 42/2002), донесувам

## О Д Л У К А
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

I

Мирјана Лазарова-Трајковска, се именува за претседател на Државната изборна комисија.

II

Сафет Алиу, се именува за заменик на претседателот на Државната изборна комисија.

III

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-788
3 јули 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

---

**736.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОДЛИКУВАЊА И ПРИЗНАНИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за одликувања и признанија на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 јуни 2002 година.

Бр. 07-2613/1
27 јуни 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ОДЛИКУВАЊА И ПРИЗНАНИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се утврдуваат одликувањата и признанијата на Република Македонија и се уредува постапката за нивно доделување и одземање, правата и должностите на носителите на одликувањата и признанијата, како и други прашања од значење, за одликувањата и признанијата.

Член 2

Одликувањата и признанијата на Република Македонија се симболи на признание што се доделуваат за работи и дела што заслужуваат општо признание, пожртвуваност и истакнување за време на мир или војна.

Член 3

Одликувањата и признанијата на Република Македонија ги доделува и врачува лично претседателот на Република Македонија.

По исклучок претседателот на Република Македонија може да определи и друго лице кое ќе го врачи одликувањето или признанието.

Член 4

Одликувањата и признанијата на претседателот на Република Македонија му ги доделува Собранието на Република Македонија.

Член 5

Доделените одликувања и признанија по правило се врачуваат при одбележување на значајни настани, како што се: денот на прогласувањето на независноста на Република Македонија; денот на донесувањето на Уставот на Република Македонија; денот на Армијата на Република Македонија; денот на полицијата, како и при официјални посети на државници и слично.

Член 6

Претседателот на Република Македонија во случај на хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Република Македонија во кои учествуваат единици на Армијата на Република Македонија или вработени од Министерството за одбрана на Република Македонија, може да додели одликувања за воени заслуги на странските војници кои со лична храброст им помогнале на единиците на Армијата на Република Македонија во извршувањето на мисиите или во спасување на животите на војниците на Армијата на Република Македонија.

Член 7

Одликувањата и признанијата на Република Македонија се доделуваат на поединци граѓани на Република Македонија, на правни лица, државни органи, установи, владини и невладини организации, на единици, команди, штабови и установи на вооружените сили на Република Македонија, на единиците на полицијата на Министерството за внатрешни работи и на припадниците на Армијата на Република Македонија и на Министерството за внатрешни работи.

Одликувањата и признанијата се доделуваат за постигнати резултати во доменот на општествено-политичките, стопанските, научно-истражувачките работи, како и за особени заслуги од областа на социјалната и хуманитарната помош.

Одликувањата и признанијата се доделуваат и за активности кои придонесуваат за мирен и стабилен развој на Република Македонија, за придонес во нејзиниот демократски развој, за особено постигнати резултати во работата, како и за појавена особена лична храброст во одбраната на татковината.

На физичките лица одликувањата можат да се доделат и посмртно.

Член 8

Одликувањата и признанијата можат да се доделат и на странски државници - дипломати, странски физички и правни лица, меѓународни организации и други асоцијации.

За време на посета на претседател на друга држава од страна на претседателот на Република Македонија или за време на некои значајни национални и меѓународни настани може да се врши размена на одликувања и признанија на највисоко ниво.

Меѓусебни доделувања на одликувања и признанија за време на државна посета се договараат за време кога се подготвува посетата, а во согласност со прописите и практиката на односната држава.

Член 9

Одликувања може да изработува само организација овластена од Владата на Република Македонија, по претходно добиена согласност од претседателот на Република Македонија или работно тело што ќе го определи претседателот на Републиката.

Промет со одликувања, како и прометот со намалени димензии (минијатури) на одликувањата е забранет.

Изработката и носењето на значки и други предмети што имаат облик или изглед на одликување не е дозволено.

Кабинетот на претседателот на Република Македонија заради оформување на документацијата - збирки на исправи од архивско или музејско значење (експонат), доставува по еден примерок, во копија, од доделеното одликување или признание на барање на Музеи на Република Македонија или на Генералштабот на Армијата на Република Македонија, доколку се работи за воено одликување или признание.

Член 10

Одликувањата можат да се изработуваат и да се носат и во намалени димензии (минијатури), по барање и на трошок на нивните носители.

Намалени димензии (минијатури) на одликувањата можат да изработуваат само организациите од член 7 став 1 на овој закон.

## II. ОДЛИКУВАЊА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 11

Одликувања на Република Македонија се ордени и медали.

Член 12

Ордени на Република Македонија се:

1. Орден на Република Македонија;
2. Орден "8 Септември";
3. Орден "Илинден -1903 година";
4. Орден за заслуги за Македонија и
5. Орден за воени заслуги.

Член 13

Медали на Република Македонија се:

1. Медал за заслуги за Македонија и
2. Медал за храброст.

Член 14

1. Орден на Република Македонија - се доделува на:

- најистакнати личности и правни лица кои имаат посебни заслуги во остварувањето на самостојноста, сувереноста, независноста и територијалниот интегритет на Република Македонија, како и за вонредни резултати остварени на цивилен и воен план.
- најистакнати личности кои исклучително придонеле за развивање и зацврстување на мирољубивата соработка и пријателските односи меѓу Република Македонија и други држави, како и за јакнење на нејзината меѓународна положба и углед;
- владини и невладини организации, здруженија, како и поединци, кои со своето работење и дејствување постигнат исклучителни резултати од значење за афирмирање на Република Македонија во областа на науката, уметноста, образованието, стопанството, хуманоста и слично, на домашен и на меѓународен план, а особено поединци кои во областа на своето работење, односно професионално ангажирање добиле највисоки награди, односно најпрестижни признанија од меѓународно значење и
- шефови на држави и на влади, како и на други истакнати странски личности за вонредни заслуги во развивањето и зацврстувањето на пријателските односи и соработката на Република Македонија со други држави.

2. Орден "8 Септември "-се доделува:

- за вонредни заслуги на личности и државни органи, установи, владини и невладини организации и слично, од Република Македонија во конституирањето и изградбата на Република Македонија во мирновремenски услови како суверена, самостојна, демократска и социјална држава, како и за исклучителен придонес за воспоставување, развивање и зацврстување на пријателски односи и мирољубива рамноправна соработка со други држави и меѓународни организации и асоцијации и за афирмирање и јакнење на нејзината меѓународна положба и углед;
- на лица, органи и организации кои особено придонеле за развој и афирмација на меѓунационалните односи во Република Македонија;
- на лица за извонредни дела и заслуги на полето на безбедноста, одбраната и заштитата на Република Македонија, како и за меѓународна соработка на тој план и
- на претседатели на држави, на парламенти и на влади, на високи странски државници и дипломати, на највисоки функционери на меѓународни организации и установи за исклучителни заслуги за воспоставување, развивање и зацврстување на пријателски односи и мирољубива рамноправна соработка меѓу соодветната држава, односно организација или установа и Република Македонија, како и за исклучителен придонес за јакнење на нејзината меѓународна положба и углед.

3. Орден "Илинден - 1903 година" - се доделува на:

- истакнати личности во борбите за национално и социјално ослободување; за политичките затвореници и лица прогонувани, судени и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност; за лица, државни органи, установи, владини и невладини организации и слично, кои со нивни посебни залагања придонеле во создавањето на сувереноста, независноста, територијалниот интегритет на Република Македонија; како и за исклучителен придонес за нејзиниот државно - правен и општествен развој и за јакнење на односите на заедниците во Република Македонија и
- лица за извонредни дела и заслуги на полето на безбедноста и одбраната на Република Македонија, како и за меѓународна соработка на овие полиња.

4. Орден за заслуги за Македонија - се доделува:

- на личности, владини и невладини организации и здруженија на граѓани, на правни лица, како и на други органи и организации за особени заслуги во политичкиот и општествениот живот во Република Македонија, како и на шефови на дипломатско-конзуларни претставништва на други држави и на меѓународни организации и други асоцијации акредитирани во Република Македонија; на странски државјани и странски установи и организации за особени заслуги за сувереноста, независноста и територијалниот интегритет на Република Македонија, за успешно организирање и ефикасно остварување на функциите на органите на државната власт, за особено значајни остварувања во стопанството, образованието, науката, културата, иноваторството, здравството, социјалната политика, спортот и во заштитата и унапредувањето на животната средина и природата и за особен придонес за успешно организирање и ефикасно функционирање на установите и организациите во овие области за заслуги во остварувањето и унапредувањето на односите меѓу заедниците во Република Македонија, за особени заслуги за успешно остварување и унапредување на односите и соработката на Република Македонија со други држави и со меѓународни установи и организации, како и за нејзиното афирмирање во светот во одделни области и дејности и
- за особени заслуги кои можат да се искажат и за меѓучовечка помош или хуманитарна помош која се спроведува со лично залагање.

5. Орден за воени заслуги - се доделува:

- на припадници на безбедносните сили на Република Македонија, на воени старешини за извонредни успеси во организирањето и командувањето со вооружените сили за време на војна и мир; во изградбата и јакнењето на одбранбената способност на Република Македонија; во командувањето и раководењето со безбедносните сили и воените единици или установи за дејствија коишто придонесуваат за успешна и ефикасна одбрана на независноста, безбедноста и територијалниот интегритет на Републиката;

- за особена храброст или за посебни заслуги на полицајци, војници, старешини, полициски единици и воени единици, штабови, команди и установи, кои со својот пример и умешност во раководењето со единицата, односно установата создаваат услови за постигнување на исклучително добри успеси или кои се одликуваат со старешински, полициски и војнички особини што им служат за пример на другите старешини и војници, како и на граѓански лица на служба во вооружените сили на Република Македонија за постигнување на особени резултати од значење за одбраната на Републиката;

- на воени и полициски единици и установи за повеќегодишно успешно работење и постигнување на особени резултати во развивањето и јакнењето на безбедносните сили и вооружените сили во Република Македонија и

- на припадници на странски вооружени сили за особен придонес за успешно остварување и унапредување на односите и соработката меѓу вооружените сили на нивната држава и вооружените сили на Република Македонија.

1.Медал за заслуги за Македонија - се доделува:

- на физички и правни лица за постигнати резултати кои придонесуваат за значаен развој и афирмација на Република Македонија во сите области на животот и работата, како и за развивање на пријателски односи меѓу Република Македонија и други држави, меѓународни органи, организации или асоцијации.

2. Медал за храброст - се доделува на:

- припадници на вооружените сили на Армијата на Република Македонија, на вработените од Министерството за внатрешни работи и на други личности за покажана лична храброст и самопрегор во одбраната на територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија, или во заштитата на човечки животи или материјални добра во опасни ситуации и

- припадници на Министерството за внатрешни работи за посебни заслуги и долгогодишно ангажирање при вршење на работите и задачите; посебно ангажирање во спасување или заштита на животот, имотот и здравјето на граѓаните, посебно ангажирање во спречувањето на нарушувањето на јавниот ред и мир во поголем обем или заради особени заслуги и придонес во меѓународната афирмација на Министерството.

Член 15

Утврдениот редослед на ордените, како и на медалите во овој закон го определуваат и рангот на нивното значење.

Доделувањето на ордените и медалите не се врзуваат за години на старост.

На субјектите од член 7 став 1 на овој закон може повторно да им биде доделено исто или повисоко одликување најмалку по истекот на три години.

Постапката во процесот на одлучувањето за доделување на одликувањата и признанијата се од доверлив карактер. Информирањето во врска со доделувањето на одликувањата и признанијата, а кои не се од доверлив карактер во медиумите го врши Кабинетот на претседателот на Република Македонија.

## III. ПРИЗНАНИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 16

Признание на Република Македонија е:

1. Повелба на Република Македонија.

Член 17

Повелба на Република Македонија се доделува на:

- државјани на Република Македонија и на државјани на други земји, на правни лица и на меѓународни институции и организации за посебен придонес за развојот на Република Македонија, за особени заслуги во развивањето и унапредувањето на меѓународните односи и на соработката на Република Македонија со други држави и меѓународни институции и организации и јакнењето на нејзината меѓународна положба и углед и

- поединци, организации и здруженија, како и на културно-уметнички, спортски и други здруженија за успешно организирање и претставување на достигнувањата од соодветната област во земјата и странство.

## IV. ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ОДЛИКУВАЊАТА И ПРИЗНАНИЕТО

Член 18

Одликувањата се доделуваат со указ на претседателот на Република Македонија, а пак признанието се доделува со одлука на претседателот на Република Македонија.

Одликувањата и признанијата што се доделуваат на претседателот на Република Македонија, се доделуваат со одлука на Собранието на Република Македонија.

Указите и одлуките за доделување и за одземање на одликувањата и признанието се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

Член 19

Претседателот на Република Македонија доделува одликувања и признание по своја иницијатива или по иницијатива на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, државни органи и организации, здруженија на граѓани, граѓани на Република Македонија, правно лице, единица на локалната самоуправа, културно-уметнички и спортски друштва.

Иницијативите се доставуваат до претседателот на Република Македонија.

Иницијативата би требало да ги содржи потребните податоци заради постапување по истата, а особено: име и презиме и адреса на кандидатот за одликување, назив на органот, како и образложение за неговите особени заслуги. Предлози за доделување на одликувања и признанија можат да даваат и функционерите кои раководат со државните органи, за вработените во тие органи.

Член 20

Граѓанин на Република Македонија може да прими титула, одликување или признание од шеф на странска држава или на влада, владина или невладина организација, а за примената награда го известува Кабинетот на претседателот на Република Македонија.

Член 21

На носителите на одликувањата и признанијата им се издава уверение за доделеното одликување или признание.

Член 22

Описот, изгледот, како и материјалите од кои се изработуваат одликувањата и признанијата како и содржината и формата на уверението од член 21 согласно со овој закон, ги пропишува претседателот на Република Македонија.

## V. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА НОСИТЕЛИТЕ НА ОДЛИКУВАЊАТА И ПРИЗНАНИЈАТА

Член 23

Одликувањето и признанието може да го носи само носителот на одликувањето.

Носителите на одликувања се обврзуваат доделените одликувања да ги носат на пристојна облека.

Одликуваното правно лице, како и воените и полициските единици, штабови и команди, односно воените установи обезбедуваат услови одликувањата и признанија или уверенијата од член 21 на овој закон да се излагаат на посебно место и на начин достоен на заслугите за кои им се доделени одликувањата и признанијата.

Член 24

Одликувањата и признанијата се врачуваат на посебна свеченост организирана за таа цел. Тие преминуваат во сопственост на одликуваниот и не постои обврска за нивно враќање од страна на неговите наследници, доколку со овој закон поинаку не е утврдено.

Член 25

Одликувањето, односно признанието на посмртно одликувано лице и на одликувањето, односно признанието што на одликуваното лице не му е предадено за време на неговиот живот, како и документите за одликувањето, им се предаваат на членовите на неговото семејство. Како членови на семејството, во смисла на овој закон, се сметаат брачниот другар, децата, внуците, родителите и браќата и сестрите на одликуваното лице.

По смртта на одликуваното лице, односно по престанокот со работата на правното лице, доделеното одликување го преземаат и го чуваат членовите на семејството на одликуваното лице, односно правните следбеници на одликуваното правно лице.

Во согласност со членовите на семејството на одликуваното лице кое починало, односно на правните следбеници на одликуваното правно лице што престанало со работа, одликувањето може да им се предаде на чување и користење на музеи или слични установи.

Ако членовите на семејството на одликуваното лице кое починало не се живи, односно нема правни следбеници на одликуваното правно лице, одликувањата и документите за одликувањата и признанијата се предаваат на чување на Архивот на Република Македонија.

Член 26

По барање на одликуваното лице што ќе го загуби одликувањето или пак уверението за неговата сопственост, врз основа на расположливите службени податоци за одликување или уверение ќе му се издаде ново одликување со соодветен надомест, врз основа на доказ дека одликувањето, како и документот за неговото издавање се изгубени.

Износот на надоместокот од став 1 на овој член го определува претседателот на Република Македонија.

## VI. ОДЗЕМАЊЕ НА ОДЛИКУВАЊАТА И ПРИЗНАНИЈАТА

Член 27

Одликувањата и признанијата доделени на странски државјани, организации и мисии можат да бидат повлечени во случај кога нивните носители ќе постапат спротивно на одредбите на законите на Република Македонија и меѓународните акти.

Одликувањата и признанијата од став 1 на овој закон се одземаат со одлука на претседателот на Република Македонија, а врз основа на претходно известување и предлог на министерот за надворешни работи.

Член 28

По одземањето на одликувањето или признанието и по потпишувањето на Одлуката за одземање од претседателот на Република Македонија, Одлуката за одземеното одликување или признание се брише од евиденција што се води во Кабинетот на претседателот на Република Македонија.

Со чинот на бришењето од евиденција за доделеното признание или одликување, ќе се смета дека таквите одликувања или признанија воопшто и не биле доделени.

## VII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 29

Со парична казна од 50.000 до 250.000 денари ќе се казни за прекршок правно лице ако неовластено изработува или пушта во промет одликувања, нивни минијатури, значки или други предмети што имаат форма или изглед на одликување и признанија на Република Македонија (член 9 ставови 2 и 3).

Со парична казна од 5.000 до 25.000 денари ќе се казни за прекршок од став 1 на овој член и одговорното лице на правното лице.

За дејствијата од став 1 на овој член ќе се казни за прекршок физичко лице со парична казна од 5.000 до 25.000 денари.

За дејствието од став 1 на овој член се изрекува и мерка на безбедност одземање на значките и другите предмети што имаат форма или изглед на одликување или признание на Република Македонија и одземање на стекнатата противправна имотна корист.

Член 30

Со парична казна од 40.000 до 200.000 денари ќе се казни за прекршок правно лице ако на недостоен начин употреби или користи одликување, признание или уверение за одликување (член 23 став 1).

Со парична казна од 3.000 до 15.000 денари ќе се казни за прекршок од став 1 на овој член и одговорното лице на правното лице, како и физичкото лице носител на одликувањето или признанието (член 23 став 2 ).

Член 31

Со парична казна од 5.000 до 25.000 денари ќе се казни за прекршок физичко лице ако:

- се обиде да симне или го симне одликувањето од носителот на одликувањето и
- неовластено носи одликување, а не е одликувано (член 23 став 1).

Член 32

Со парична казна од 5.000 до 25.000 денари ќе се казни за прекршок носителот на одликувањето ако:

- го отуѓи одликувањето и прибави ново одликување спротивно на одредбите на членовите од овој закон.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 33

Претседателот на Република Македонија прописите, чие донесување е утврдено со овој закон, ќе ги донесе во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

Член 34

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат законот, подзаконските акти и другите прописи со кои беа регулирани прашањата од областа на одликувањата и признанијата.

Член 35

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**737.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ И РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ

Се прогласува Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 јуни 2002 година.

Бр. 07-2603/1
27 јуни 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА ЗАШТИТА ОД ЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ И РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува системот на контролата на сите извори на јонизирачко зрачење, како и заштитата на населението и околината од изложеност или потенцијална изложеност на јонизирачко зрачење.

**Дефиниции**

Член 2

Одделни дефиниции и поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. "Радијациона несреќа" е ненамерна состојба, резултат на грешки при работа, дефект на опремата, чии последици или потенцијални последици не се занемарливи од аспект на радијационата заштита или сигурност.
2. "Нивоа на исклучување" се вредности, утврдени од страна на надлежниот орган, а изразени како концентрации на активност и/ или вкупна активност, при кои, или под кои, изворите на јонизирачкото зрачење не подлежат на контрола.
3. "Доза" е средна енергија на јонизирачкото зрачење ослободена во единица маса од озрачениот материјал или предмет.
4. "Озрачување" е изложеност на јонизирачкото зрачење, кое може да биде внатрешно или надворешно, во зависност дали изворот на јонизирачко зрачење е во или вон човечкото тело.
5. "Јонизирачко зрачење" е електромагнетно, честично и секое друго зрачење кое во интеракција со материјата директно или индиректно произведува парови на позитивно или негативно наелектризирани јони.
6. "Извор на јавизирачко зрачење" е секој уред, постројка или материја која произведува јонизирачко зрачење.
7. "Дозвола" е овластување издадено од страна на надлежниот орган, врз основа на претходна проценка на сигурноста, во која се содржани сите специфични услови што треба да ги исполни правното лице.
8. "Правно лице" е носителот на важечката дозвола за работа или за извор на јонизирачкото зрачење, кој има утврдени права и обврски во поглед на работата или изворот, особено од аспект на заштитата и сигурноста.
9. "Медицинска изложеност" е изложеноста на пациентите како дел од дијагностичките или терапевтските постапки на кои се изложени; на лица кои не работат со извори на јонизирачко зрачење, додека свесно и доброволно помагаат при третманот на пациентите и на лица кои доброволно се изложуваат на зрачења во рамките на програмите за биомедицински истражувања.
10. "Природна радијација" е јонизирачко зрачење кое го вклучува и космичкото зрачење и зрачењето од природни радионуклеиди.
11. "Пријавување" претставува документ со кој правното лице на надлежниот орган му ја најавува својата намера за работа со извор на јонизирачко зрачење.
12. "Население" е секое лице од населението или работници кои работат со извори на јонизирачко зрачење.
13. "Работа со извор на јонизирачко зрачење" е работа при производство, промет или употреба на извори на јонизирачко зрачење.
14. "Заштита од јонизирачко зрачење" е збир на активности и средства што се преземаат за заштита на животот и здравјето на луѓето и животната средина од штетното дејство на јонизирачкото зрачење.
15. "Одговорно лице" е стручно лице по прашања од радијационата заштита за одредена област во работењето, овластено од страна на правното лице за безбедно користење на изворот на јонизирачкото зрачење, во согласност со условите утврдени во дозволата.
16. "Радиоактивна контаминација" е присуство на радиоактивна супстанца во или на материјали или во човечкото тело или на други места каде се непожелни, или може да предизвикаат штетни последици.
17. "Радиоактивен отпад" е материјал во било која физичка форма остаток од активности поврзани со него или од интервенции за кои не се предвидува понатамошна употреба, кој содржи или е контаминиран со радиоактивни материи и има активност или концентрации повисоки од нивото кое не подлежи на контрола и изложувањето на нивното зрачење не е исклучено со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.
18. "Регистрација" е овластување за работа со извори на јонизирачко зрачење со мал или умерен ризик, издадено на правното лице кое е одговорно за работа со изворот, издадено врз основа на претходно подготвена проценка на сигурноста на објектот и опремата и доставена до надлежниот орган.
19. "Лице кое работи со извор на јонизирачко зрачење" е секое лице кое во текот на работното време е постојано или повремено изложено на јонизирачко зрачење.

## II. НАДЛЕЖЕН ОРГАН

**Дирекција за радијациона сигурност**

Член 3

За вршење на управните и стручните работи од областа на заштитата од јонизирачкото зрачење се основа Дирекција за радијациона сигурност (во натамошниот текст: Дирекција).

Дирекцијата ги врши следниве работи:

1) ја води постапката на пријавување, регистрација, издавање на дозвола и контрола на изворите на јонизирачкото зрачење, во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон;

2) ги утврдува интервентните нивоа и условите за радијациона заштита и сигурност;

3) издава дозволи за: увоз, извоз, дистрибуција, пренос, превоз, складирање, одлагање, давање на користење, сместување, поставување и одржување, престанок на употреба, како и било која друга активност во врска со изворите на јонизирачкото зрачење;

4) презема интервенции во случај на вонреден настан;

5) ги утврдува изложувањата кои не се опфатени со овој закон и изземањата на изворите на јонизирачкото зрачење со ниска активност пропишана со општ акт донесен врз основа на овој закон;

6) води Национален регистар на изворите на јонизирачкото зрачење и на лица изложени на јонизирачкото зрачење при работа;

7) врши надзор над стручната работа на правните лица кои работат со извори на јонизирачкото зрачење преку овластена стручна институција;

8) соработува со други органи на управата и институции во врска со работите што се во надлежност на Дирекцијата;

9) се грижи за обука на лицата одговорни за радијациона заштита во правните лица, како и на лица одговорни за донесување одлуки во врска со прашањата сврзани со радијационата заштита;

10) иницира истражување во областа на заштитата од јонизирачко зрачење;

11) воспоставува соодветен начин за информирање на населението во врска со заштитата од јонизирачкото зрачење;

12) ја утврдува висината на надоместоците за издавање на дозволи, вршење на надзорот, како и покренува постапки пред надлежните судови во случај на непочитување на условите утврдени во дозволите издадени врз основа на овој закон;

13) предлага Национален акционен план за заштита на населението од штетното влијание на јонизирачкото зрачење на Владата на Република Македонија;

14) дава мислења во поглед на меѓународната соработка на Република Македонија во врска со радијационата заштита;

15) врши инспекциски надзор и

16) врши и други работи во областа на заштитата од јонизирачкото зрачење.

Член 4

Со Дирекцијата раководи директор.

Директорот за својата работа одговара пред Владата на Република Македонија.

**Комисија за радијациона сигурност**

Член 5

Дирекцијата формира Комисија за радијациона сигурност (во натамошниот текст: Комисија), како советодавно тело за определени прашања од областа на заштитата од јонизирачко зрачење и изготвување на предлози и решенија од нејзината надлежност.

Комисијата од ставот 1 на овој член ја сочинуваат претставници од Министерството за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за образование и наука, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерство за транспорт и врски и Министерство за надворешни работи, како и претставници од редот на научните и стручни институции и организации од областа на јонизирачкото зрачење.

Комисијата и дава стручни совети на Дирекцијата од аспект на прецизност, применливост и сеопфатност на политиката и прописите, како и сите други прашања поврзани со примената на овој закон.

**Републички завод за здравствена заштита**

Член 6

Работите на центарот за радијациона заштита ги врши Републичкиот завод за здравствена заштита.

Републичкиот завод за здравствена заштита, на барање на и под условите пропишани од Дирекцијата, ги врши следниве работи:

1) подготвува и предлага стручни основи за подготовка на подзаконски акти и стандарди во областа на радијационата заштита во согласност со стандардите на меѓународните организации и Европската унија;

2) поднесува извештаи до Дирекцијата во врска со унапредување на заштитата при користењето на извори на јонизирачкото зрачење, како и нивна контрола;

3) учествува во спроведувањето на обука за безбедно ракување и управување со изворите на јонизирачкото зрачење;

4) врши мерења на степенот на изложеност на јонизирачкото зрачење на лицата кои работат со извори на зрачења, како и на населението;

5) ја следи содржината на радионуклидите во воздухот, земјиштето, водите и храната;

6) врши проценка на степенот на изложеноста на јонизирачкото зрачење при работа;

7) врши континуирана медицинска контрола и води евиденција за лицата професионално изложени на јонизирачко зрачење и

8) врши и други работи во областа на заштитата од јонизирачкото зрачење.

Дирекцијата може да побара стручни услуги и од други стручни институции што и се неопходни за спроведување на овој закон, овластени од Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за здравство и Министерството за земјоделство,шумарство и водостопанство.

## III. УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ

**Дозвола за работа**

Член 7

Правното лице може да отпочне со работа само по добивање на дозвола од Дирекцијата и по запишување во единствениот регистар на правни лица кои вршат дејност со извори на јонизирачкото зрачење, во согласност со одредбите на овој закон (во натамошниот текст: регистар).

Дозволата од ставот 1 на овој член се издава на барање и тоа за одреден период од една до пет години, во зависност од типот на изворот на јонизирачкото зрачење и условите за неговото користење.

Секоја промена во условите за вршење на дејност утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, може да се врши само врз основа на дозвола од Дирекцијата и по запишувањето во регистарот.

Обрасците на барањето и дозволите, како и начинот за нивното издавање ги пропишува Дирекцијата.

Член 8

Дозволата од членот 7 на овој закон може да се издаде само, ако:

1) објектите и просториите во кои се работи со извори на јонизирачко зрачење и во кои привремено се складираат и се одлагаат изворите на јонизирачкото зрачење, како и опремата, апаратите и другите уреди што произведуваат јонизирачко зрачење им одговараат на техничките, безбедносните и другите услови;

2) лицата кои работат со извори на јонизирачко зрачење се снабдени со лични заштитни средства, како и со потребна опрема за мерење на интензитетот на зрачењето;

3) лицата кои ќе работат со изворите на јонизирачкото зрачење имаат соодветна стручна подготовка и ги исполнуваат пропишаните здравствени услови за работите што ќе ги вршат;

4) постои програма за обезбедување на заштита и сигурност, план за постапување во случај на инцидент, како и програми за следење и проценка на изложеноста на населениeто, лицата кои работат на работни места во врска со изворите на јанизирачкото зрачење, односно пациентите;

5) се преземени мерките со кои се спречува радиоактивните отпадни материјали да предизвикуваат контаминација на животната средина над пропишаните граници.

Просторот, уредите и опремата, како и лицата кои можат да работат со изворите на јонизирачкото зрачење од ставот 1 на овој член, поблиску ги пропишува Дирекцијата.

Член 9

На правното лице кое бара дозвола да врши дејност која не ја оправдува употребата на изворите на јонизирачкото зрачење од социјален, економски, медицински или друг аспект утврдени со овој закон, Дирекцијата нема да издаде дозвола.

Член 10

Правното лице кое работи со изворите на јонизирачкото зрачење ги надоместува трошоците за издавањето на дозволата од страна на Дирекцијата, одлагањето на радиоактивен отпад, како и за мерењата кои се вршат за време на користењето на изворите, согласно со овој закон.

Висината на трошоците од ставот 1 на овој член ја пропишува Дирекцијата.

Член 11

Постапките за издавање на дозволи се водат согласно со правилата за општа управна постапка, доколку со овој закон поинаку не е определено.

Против решението на Дирекцијата може да се поднесе жалба до надлежната комисија на Владата на Република Македонија, во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

Жалбата по решението не го одлага неговото извршување.

## IV. УСЛОВИ ЗА ЗАШТИТА И СИГУРНОСТ

### Општи услови

Член 12

Општите услови за заштита од јонизирачкото зрачење и обезбедување на сигурноста на изворите на јонизирачкото зрачење, треба да обезбедат нормална изложеност во рамките на границите на дозите што ги пропишува Дирекцијата и во согласност со следниве основни принципи на радијационата заштита:

1) принцип на оправданост на работата на изворот на јонизирачкото зрачење - економска и општествена оправданост на сите видови на работа со извори на јонизирачко зрачење од аспект на придобивките за поединец и целото општество, при што ползата треба да биде поголема во однос на штетата што може да ја предизвика зрачењето врз здравјето на поединецот и околината;

2) принцип на оптимизација - било каква изложеност на лицата и околината мора да биде на најниското можно ниво, при што се земаат предвид економските и општествените фактори и

3) принцип на ограничување - вкупните дози од сите видови на работа со извори, не смее да ги надминат утврдените граници, со исклучок на персоналната доза примена од пациент со цел за негова сопствена здравствена заштита, како и за лицето кое му помага на пациентот или учествува во медицински или биомедицински истражувања, на доброволна основа.

### Обврски на правните лица

Член 13

Правните лица кои вршат дејност во согласност со овој закон имаат обврска да воспостават и обезбедат:

1) пријавување на изворот на јонизирачкото зрачење со техничките карактеристики, безбедност и сигурно ракување, во согласност со овој закон, како и прописите донесени врз основа на него;

2) програма за обезбедување на заштита и сигурност, постапки и други организациони активности во врска со обезбедувањето на заштитата на лицата кои работат на работни места со извори на јонизирачко зрачење, како и лица од други институции кои времено работат во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на него;

3) план за постапување во случај на инцидент кој содржи мерки и активности за обезбедување на заштита на населението, како и на лицата кои работат на работни места со извори на јонизирачко зрачење, а особено:

- определување на изворите кои можат да доведат до потреба од интервенција,
- интервентни нивоа на соодветните заштитни активности, опфатот на нивната примена и роковите за спроведување во зависност од степенот на интензитетот на инцидентот и итноста за преземање на мерки,
- опис на методологијата и инструментите за проценка на индицентот и последиците од тој настан на самото место на случувањето, како и надвор од него,
- начин, постапки и рокови за информирање на Дирекцијата и
- мерки за обезбедување на оптимална заштита и за обезбедување на ограничувањето на нормалната изложеност на определена група на лица кои се очекува да бидат изложени на јонизирачкото зрачење од определен извор, така што вкупната доза на зрачења да не биде повисока од максималните граници на озрачување за населението, лицата кои работат на работни места со извори на јонизирачко зрачење, односно пациентите;

4) соодветен простор, опрема и кадар за заштита од изложеност на јонизирачкото зрачење на населението, лицата кои работат на работни места со извори на јонизирачко зрачење, односно пациентите;

5) сигурност на изворите од оштетување, кражба, нелегално однесување и пренесување, губење или исчезнување;

6) попис на изворите;

7) заштита (лични заштитни средства, дозиметриска контрола, здравствена контрола, степен на изложеност на работниците, проверување на контаминацијата на лицата и предметите, просториите и воздухот во просториите и повремено проверување на исправноста на мерните инструменти и на заштитните средства), како и обука на лицата кои вршат работи од значење за заштитата од изложеност на населението, лицата кои работат на работни места со извори на јонизирачко зрачење односно пациентите;

8) програми за следење и проценка на изложеноста на населението, лицата кои работат на работни места со изворите на јонизирачкото зрачење, односно пациентите, како и опрема за спроведување на тие програми;

9) внатрешна организациона поставеност што обезбедува:

- прецизно определување на должностите и одговорностите на сите што работат со изворите на јонизирачкото зрачење,
- определување на одговорно стручно лице за заштита од јонизирачко зрачење,
- соодветна контрола на влезот на посетителите во контролираните подрачја, односно соодветна придружба на посетителите на контролираните подрачја од страна на лица кои имаат потребно знаење од областа на заштитните и сигурносните мерки за тоа подрачје и кои можат да обезбедат соодветна информација и упатства на посетителите на кои можат да влијаат нивните активности и
- систем на ефикасно информирање за состојбите и настаните од интерес за заштитата и сигурноста;

10) одржување на активноста и количеството на радиоактивниот отпад на најмалиот можен минимум преку соодветно ракување и деактивирање.

11) работење со радиоактивниот отпад, така што да се обезбеди соодветна класификација, распоредување, постапување, складиштење и одлагање;

12) депонирање на радиоактивниот отпад, така што да се спречи било какво непотребно временско одложување на депонирањето;

13) деконтаминација на животната средина која била контаминирана од извор на јонизирачкото зрачење или активност во врска со тој извор преку сопствена служба или преку овластена организација и

14) евиденции во врска со изворите, кадар и мерки за заштита, како и доставување на извештаи во рокови согласно со прописите донесени врз основа на овој закон.

Правните лица од ставот 1 на овој член, се должни да ја известат Дирекцијата за секој физички пренос на изворот на јонизирачкото зрачење и радиоактивниот материјал.

Правните лица од ставот 1 на овој член, се целосно одговорни за заштитата и безбедното ракување со опремата која содржи извор на јонизирачко зрачење.

### Изложеност на зрачење

Член 14

Согласно со овој закон, лице може да биде изложено на јонизирачко зрачење при различни услови, како што е изложеност при работа, изложеност на населението и медицинската изложеност.

Одредбите на овој закон се применуваат и во случај на потенцијална изложеност, изложеност при несреќни случаи и продолжена изложеност.

Граничните дози, упатствата во врска со нивото на дозите и/ или упатствата во врска со примената, ги пропишува Дирекцијата.

**Изложеност при работа**

Член 15

Со извор на јонизирачко зрачење може да ракува само лице со соодветни квалификации и здравствена состојба, што ги пропишува Дирекцијата.

Лицето од ставот 1 на овој член, подлежи на редовни здравствени прегледи при вработувањето, во текот на работата и при напуштање на работното место, доколку е потребно.

Член 16

Со извори на јонизирачко зрачење не смеат да работат:

1) лица помлади од 18 години;

2) жени за време на бременост, а ако работат со отворени извори на јонизирачко зрачење и за време на доењето и

3) лица заболени од одделни заболувања за кои е контраиндицирана работа со изворите на јонизирачкото зрачење.

Член 17

Лице вработено кај правно лице овластено за вршење на активности согласно со овој закон, е должно да ги применува одредбите за заштита од радијација на овој закон и прописите донесени врз основа на него.

**Изложеност на населението**

Член 18

Правното лице е должно да се придржува кон условите утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на него кои се однесуваат на изложеноста на населението на јонизирачкото зрачење предизвикана со употребата на изворот за кој тоа има дозвола, освен во случај кога изложеноста не подлежи на контрола и надзор, или ако работата со изворот и изворот е исклучен од контрола и надзор.

Правното лице е одговорно и ќе ја надомести штетата, доколку работата со изворот предизвикува ослободување на радиоактивни супстанци во околината и со тоа предизвикува штетни последици по човековото здравје и околината.

Член 19

Следењето и контролата врз дозволените испуштања на радиоактивните материи во околината ќе го врши правното лице и за тоа ја известува Дирекцијата и Министерството за животна средина и просторно планирање.

Програмата и временските интервали на следењето на секоја точка на испуштање ги пропишува Дирекцијата.

**Медицинска изложеност**

Член 20

Медицинската изложеност треба да има свое оправдување врз основа на споредба на нејзините дијагностички или терапевтски придобивки во однос на радијационите нарушувања што може да ги предизвика, земајќи ги предвид придобивките и ризиците од расположливите алтернативни техники кои не вклучуваат медицинска изложеност.

Член 21

Во случај на медицинска изложеност правното лице треба да обезбеди:

1) ниту еден пациент да не биде подложен на медицинска или терапевтска изложеност, освен ако изложеноста е препишана од страна на лекар специјалист;

2) целосна заштита на пациентот при упатувањето и за време на медицинската изложеност што е обврска на лекарите;

3) вклучување на медицински и помошен персонал (здравствени стручњаци или стручњаци со соодветна стручна обука) за вршење на дијагностичко-терапевтските постапки препишани од лекар специјалист;

4) калибрација на изворот, дозиметрија и квалитет под надзор на квалификувано лице по радиотерапевтска физика, при терапевтска примена на јонизирачкото зрачење (вклучувајќи телетерапија и брахитерапија) и

5) обука на персоналот согласно со прописите донесени врз основа на овој закон.

Начинот на спроведувањето на обуката од ставот 1 точка 5) на овој член го пропишува Дирекцијата.

**Радиоактивен отпад**

Член 22

Правното лице е одговорно, активноста и обемот на било каков радиоактивен отпад кој е резултат на работа со изворот за кој има дозвола, да го сведе на најниското можно ниво и да ракува со отпадот, односно да го собира, чува, кондиционира, транспортира и одлага на начин утврден со овој закон и прописите донесени врз основа на него.

Начинот на ракување со отпадот, односно собирањето, чувањето, кондиционирањето, транспортирањето и одлагањето го пропишува Дирекцијата.

Член 23

Правното лице треба да обезбеди дека радиоактивните супстанци од работа и изворите на јонизирачкото зрачење нема да ги испушта во животната средина, освен ако:

1) има одобрение за супстанциите дека не подлежат повеќе на контрола или одлагањето е во границите определени со општ акт на Дирекцијата;

2) одлагањата се контролирани и

3) изложеноста на населението предизвикана од одлагањата е ограничена во рамките кои се утврдени согласно со овој закон.

Границите на изложеноста на населението од ставот 1 на овој член ги пропишува Дирекцијата.

Член 24

Одлагање на радиоактивен отпад се врши во складиште на локација и на начин утврден од Владата на Република Македонија, на предлог на Дирекцијата, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за здравство.

Трошоците за одлагање на радиоактивниот отпад паѓаат на товар на правното лице кое го поседува изворот. Трошоците за ракување со радиоактивниот отпад се во висина утврдена согласно со членот 10 на овој закон.

**Радијациони несреќи**

Член 25

Владата на Република Македонија на предлог на Дирекцијата, донесува Национален акционен план за заштита на населението од штетното влијание на јонизирачкото зрачење во случај на радијациона несреќа (во натамошниот текст: Национален акционен план).

Радијациона несреќа прогласува Владата на Република Македонија на предлог на Дирекцијата.

Националниот акционен план се ревидира и усогласува со потребите, како и со новите достигнувања во областа на заштитата од јонизирачкото зрачење и радијационата сигурност, зависно од проценката на степенот на радиоактивната контаминација и во согласност со меѓународните конвенции.

**Обезбедување на квалитет**

Член 26

Правното лице е должно кон пријавата да достави програма за обезбедување на квалитет, со која се опфатени сите аспекти на мерење на радиоактивноста, индивидуалната дозиметрија, дозите на пациентите и ракувањето со отпадот, особено од аспект на радијационата сигурност на одобрување на Дирекцијата.

## V. НАДЗОР

Член 27

Надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на него врши Дирекцијата.

Работите на инспекцискиот надзор над спроведувањето и примената на овој закон и прописите донесени врз основа на него врши Дирекцијата преку инспектори за јонизирачко зрачење.

Член 28

Инспекторот од членот 27 на овој закон има легитимација издадена од Дирекцијата.

Формата и содржината на легитимацијата од ставот 1 на овој член ја пропишува Дирекцијата.

Член 29

Во вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот има право и овластување да:

1) нареди отстранување во определен рок утврден недостаток или неправилност во работата;

2) забрани за вршење на дејност или употреба на опрема;

3) забрани за работа на работници кои не ги исполнуваат здравствените услови за работа со изворите на јонизирачкото зрачење;

4) забрани за работа на работници кои не ги исполнуваат условите пропишани со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон;

5) забрани за постапување со радиоактивен отпад, ако не е во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на него и

6) нареди и други мерки за заштита од јонизирачко зрачење и сигурност на изворите.

За работите од ставот 1 на овој член инспекторот донесува решение.

Член 30

Против решението од член 29 став 2 на овој закон, може да се изјави жалба до надлежната комисија на Владата на Република Македонија, во рок од 8 дена од денот на приемот на решението.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

## VI. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 31

Со парична казна од 80.000 до 240.000 денари ќе се казни за прекршок правно лице ако:

1) отпочне со работа без дозвола и пред да се запише во единствениот регистар (член 7 став 1);

2) продолжи да работи по истекот на периодот за кој е дадена дозволата (член 7 став 2);

3) изврши промена во условите за вршење на дејноста без дозвола (член 7 став 3) ;

4) не ги воспостави и обезбеди обврските од членот 13 став 1 на овој закон;

5) не ја извести Дирекцијата за физички пренос на изворот на јонизирачкото зрачење и радиоактивниот материјал (член 13 став 2);

6) не обезбеди целосна заштита и безбедно ракување со опремата (член 13 став 3) ;

7) постапи спротивно на одредбата од членот 16 на овој закон;

8) не се придржува кон условите за изложеноста на населението пропишани со овој закон и прописите донесени врз основа на него (член 18 став 1);

9) не врши следење и контрола врз дозволените испуштања на радиоактивни материи во околината или не достави известување (член 19 став 1) ;

10) не постапи согласно со членот 22 став 1 на овој закон;

11) постапува спротивно на членот 23 на овој закон и

12) врши одлагање на радиоактивниот отпад надвор од складиштето определено согласно со членот 24 став 1 на овој закон.

За дејствијата од ставот 1 на овој член, покрај паричната казна на правното лице, ќе му се изрече и мерка на безбедност - забрана на вршење на дејноста во траење од три месеци до една година.

За дејствијата од ставот 1 на овој член, ќе се казни за прекршок одговорното лице на правното лице со парична казна од 15.000 до 45.000 денари и ќе се изрече и мерка на безбедност - забрана на вршење одговорна должност во траење од три месеци до една година.

Член 32

Со парична казна од 40.000 до 120.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице, ако:

1) распореди на работно место со извор на јонизирачкото зрачење лице со несоодветна квалификација и здравствена состојба, односно не обезбеди редовни здравствени прегледи (член 15) и

2) не ја достави програмата на одобрување (член 26).

За дејствијата од ставот 1 на овој член, покрај паричната казна на правното лице ќе му се изрече и мерка на безбедност - забрана на вршење на дејноста во траење од три месеци до една година.

За дејствијата од ставот 1 на овој член, ќе се казни за прекршок одговорното лице на правното лице со парична казна од 10.000 до 30.000 денари и ќе се изрече и мерка на безбедност - забрана на вршење одговорна должност во траење од три месеци до една година.

Член 33

Со парична казна од 10.000 денари ќе се казни лицето кое е вработено во правното лице кое има дозвола, ако не ги применува одредбите за заштита од радијација пропишани со овој закон и прописите донесени врз основа на него (член 17) .

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 34

До воспоставување на инспекциската функција во рамките на Дирекцијата, инспекцискиот надзор го вршат постојните државни инспекторати и управи:

1) Државниот санитарен и здравствен инспекторат во согласност со одредбите од Законот за санитарната и здравствената инспекција кои се однесуваат на здравјето на луѓето;

2) Државниот инспекторат за животна средина во согласност со одредбите од Законот за унапредување на животната средина и природата кои се однесуваат на животната средина и

3) Управата за ветеринарство и Државниот инспекторат за земјоделство во согласност со одредбите од Законот за ветеринарно здравство кои се однесуваат на содржината на радионуклиди во сточната храна, растенијата, семето на растенијата и домашните животни.

Член 35

Врз основа на инспекцискиот надзор извршен согласно со членот 34 на овој закон, Дирекцијата има право:

1) да нареди да се отстрани во определен рок утврден недостаток или неправилност во работата која може да предизвика штетно влијание врз здравјето и безбедноста на луѓето, но не претставува директна закана;

2) забрани вршење на дејност, целосно или делумно, употреба на опрема, како и работа на работници доколку не се исполнети условите пропишани со овој закон;

3) забрани постапување со радиоактивен материјал, ако не е во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на него;

4) да забрани натамошна употреба на извор на јонизирачко зрачење што не се користи во согласност со условите утврдени со овој закон, се до отстранување на недостатоците и

5) нареди и други мерки за заштита од јонизирачкото зрачење.

Член 36

Правните лица кои работат со извори на јонизирачко зрачење, должни се своето работење да го усогласат со одредбите на овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Правните лица од ставот 1 на овој член должни се во рок од еден месец од денот на истекот на рокот од ставот 1 на овој член да поднесат барање до Дирекцијата за продолжување на дозволата.

Ако правното лице не поднесе барање во рокот определен во ставот 2 на овој член, ќе се смета дека нема дозвола за работа.

Член 37

До определување на локацијата за складиштето во кое ќе се врши одлагање на радиоактивниот отпад, правните лица кои користат извори на јонизирачко зрачење, должни се да вршат привремено одлагање на отпадот во сопствен или во друг простор и на начин што ќе го одобри Дирекцијата.

Член 38

Демонтажата на постоечките радиоактивни громобрани ќе се изврши по обезбедувањето на услови на безбедно складирање на искористените извори на јонизирачкото зрачење.

Правните лица кои поседуваат радиоактивни громобрани ќе отпочнат со демонтажа по добивањето на согласност од Дирекцијата.

Член 39

Дирекцијата почнува со работа со денот на именувањето на директорот.

Владата на Република Македонија во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе го именува директорот на Дирекцијата.

Директорот на Дирекцијата ќе го донесе актот за организација и систематизација на работните места, најдоцна во рок од три месеци од денот на неговото именување.

Постојните инспектори, Дирекцијата ги презема во рок од три месеци по донесувањето на актите од ставот 3 на овој член.

Член 40

Дирекцијата ќе ги донесе општите акти предвидени со овој закон, најдоцна во рок од девет месеци од денот на именувањето на директорот на Дирекцијата.

До донесување на општите акти од ставот 1 на овој член, ќе се применуваат постојните прописи, ако не се во спротивност со одредбите на овој закон.

Член 41

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за заштита од јонизирачко зрачење ("Службен лист на СФРЈ" број 53/91).

Со отпочнување на вршење на инспекцискиот надзор од страна на Дирекцијата, согласно со одредбите на овој закон престануваат да се применуваат одредбите од Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата ("Службен весник на Република Македонија" број 69/96, 13/99 и 41/2000) и Законот за санитарната и здравствената инспекција ("Службен весник на Република Македонија" број 19/95), што се однесуваат на инспекцискиот надзор за заштита од јонизирачкото зрачење.

Член 42

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**738.**

Врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија, а

Укажувајќи на брзиот технолошки прогрес во светот, во кој доминира современата информатичка и комуникациска технологија, што води кон создавање на информатичко општество,

Имајќи предвид дека информатичкото општество ја развива и демократијата преку зголемената транспарентност,

Утврдувајќи ја потребата за зголемување на конкурентноста на националната економија, како одговор на предизвиците на процесот на глобализација, а со цел постигнување економски развој и зголемување на општата благосостојба на граѓаните,

Нагласувајќи ја неопходноста Република Македонија да го развие информатичкото општество, со цел да постигне интензивен и одржлив развој и да се вклучи во глобалните текови,

Согледувајќи ги постоечките предности на Република Македонија како што се: централната геостратегиска позиција во регионот, модерната телекомуникациска инфраструктура, современиот електронски систем на регистри и законската регулатива за електронски плаќања, присутниот интерес за развој на информатичка технологија од највисокото политичко ниво во државата, како и постојната поддршка за одржлив развој од меѓународната заедница,

Истакнувајќи ги потенцијалите на Република Македонија како што се: пазарот од преку 200 милиони потрошувачи што произлегува од склучените спогодби за слободна трговија, квалитетно образовани кадровски ресурси, развиен приватен сектор за информатичка технологија со веќе воспоставени деловни релации со светски информатички компании и напредокот во економските реформи,

Имајќи ги предвид постоечките недостатоци во Република Македонија: застарениот стил на раководење и слабата опременост со информатичка технологија (ИТ) во компаниите, општото ниско ниво на информатичко образование на населението, малиот процент на корисници на компјутери, мобилни телефони и Интернет, скапите телекомуникациски услуги, малиот број на високообразован информатички кадар, како и нивниот голем одлив од земјата, непостоење на интеграција на информационите системи на институциите во државата кои го сервисираат јавниот и приватниот сектор, отсуството на стимулативни законски решенија за развој на информатичкото општество и дигиталната економија, а

Имајќи ја потребата од:

- синергија меѓу јавниот сектор, приватниот сектор и научните и образовните институции за постигнување на општ развој и напредок,
- создавање опкружување во која ИТ сектори од организациите и компаниите ќе станат еден од генераторите на развојот и напредокот на истите,
- здружување на ИТ технологии со потребите на државата за воведување на нови услуги за граѓаните и бизнисите (е-влада, е-бизнис и друго),
- запознавање со новите трендови во бизнисот, измените во законската регулатива и напредокот на информатичката технологија,
- унапредување на заштитата на правата од интелектуална сопственост и
- зголемување на бројот на високообразовани и високоспецијализирани кадри за информатичка технологија.

Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 27 јуни 2002 година, донесе

## ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ЗАБРЗАН РАЗВОЈ НА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И ДИГИТАЛНА ЕКОНОМИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО НАЦИОНАЛЕН ПРИОРИТЕТ

I. Собранието на Република Македонија укажува на потребата Владата на Република Македонија:

1. Да формира Комисија за информатичка технологија;
2. Да изготви национална стратегија за развој на информатичко општество;
3. Да предложи основање на факултет за информатика со што ќе се создадат услови за зголемување на бројот студенти по информатика и да создаде стимулативни програми за намалување на одливот на оформени кадри во странство;

4. Да основа институција за електронски сертификати и дигитални потписи;

5. Да изготви и на Собранието на Република Македонија да му достави закони кои се однесуваат на прашањата од областа на:

- стандардизација на форматот на чување, начинот на размена и користењето на податоци во електронски облик со јазикот XML,

- даночни олеснувања во рок од две години во малопродажната трговија доколку купопродажбата се прави преку Интернет и

- воведување веб седиште (домент) и е-меил адреса на Интернет за правните лица и институциите во Република Македонија;

6. Сите тендери за јавни набавки задолжително да ги објавува и на свој веб сајт на Интернет;

7. До крајот на оваа календарска година да направи напори секое средно училиште да го опреми со компјутерска училница поврзана со Интернет;

8. Да воведе задолжителна настава по информатика почнувајќи од петто одделение;

9. Да создаде поповолни услови (финансиски и други стимулации) за невработените со високо образование да се стекнат со специјализација за информатичка технологија според меѓународно сертифицирани и признати програми;

10. Да создаде услови за намалување на цените во телекомуникациите и користењето на Интернет;

11. Во соработка со приватниот сектор да изготви студија на потреби и можности и стратегија за финансиска поддршка за поширока примена на информатичка технологија во деловното работење;

12. Да го стимулира преведувањето и издавањето на литература од информатичка технологија;

13. Да креира соодветна медиумска кампања за промоција на информатичко општество и

14. Во анкетните листови за претстојниот попис да се внесат прашања за поседување на персонален компјутер и поврзаност на Интернет.

II. Собранието на Република Македонија укажува на потребата деловните субјекти во Република Македонија:

1. Да вложуваат во својата информатичка модернизација независно од дејноста и

2. Да вложуваат во професионализација и доквалификација на своите вработени во однос на новите технологии.

III. Собранието на Република Македонија укажува на потребата правните лица од областа на информатиката во Република Македонија:

1. Да ги зајакнат постоечките и да формираат нови специјализирани асоцијации заради промовирање и координирање на заеднички интереси;

2. Да ги комбинираат и синхронизираат активностите и ресурсите за заеднички настап на странски пазари;

3. Да развијат партнерства со јавниот сектор и универзитетските институции за реализација на проекти од јавен интерес;

4. Да се доближат до другите стопански сектори преку организирање и воведување на услуги како е-земјоделство, е-туризам, е-банкарство, е-трговија и е-друго и

5. Да формираат единствена централна база на податоци за ИТ ресурсите во Република Македонија.

IV. Собранието на Република Македонија укажува на потребата универзитетите во Република Македонија:

1. Да иницираат основање на факултети за информатичка технологија ;

2. Да формираат истражувачки центри и центри за трансфер на технологија во соработка со реномирани странски корпорации;

3. Да развијат посилно партнерство со деловните субјекти и

4. Покрај основната информатичка наобразба во секоја од научните области на универзитетите да воведат и задолжителни современи курсеви по менаџмент за сите студиски групи.

V. Собранието на Република Македонија укажува на потребата единиците на локалната самоуправа во Република Македонија:

1. Да формираат и интегрираат бази на податоци за потребите на граѓаните на локално ниво што ќе обезбедат е-услуги за населението и

2. Да формираат локални е-центри за поттикнување на образованието, пристапот на Интернет, користењето на е-услугите и развивање на свеста за информатичка технологија и демократија.

VI. Собранието на Република Македонија укажува на потребата средствата за јавно информирање во Република Македонија да го динамизираат и квалитетно да го подобрат информирањето и промоцијата од придобивките на информатичкото општество.

VII. Оваа декларација ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-2604/1
27 јуни 2002 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

---

**739.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), во врска со член 33, став 4 од Законот за спречување на корупцијата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.06.2002 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА АНКЕТНИОТ ЛИСТ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува содржината и формата на анкетниот лист кој го пополнува изборниот или именуваниот функционер, службеното лице и одговорното лице во јавно претпријатие и друго правно лице што располага со државен капитал, во рок од 30 дена по изборот, односно стапувањето на должност.

Член 2

Анкетниот лист содржи податоци за недвижниот имот, подвижни предмети од поголема вредност, хартии од вредност и побарувања и долгови, како и друг имот што е во лична сопственост на лицата од член 1 на оваа одлука, или во сопственост на членовите на неговото семејство.

Формата на анкетниот лист е во прилог на оваа одлука.

Член 3

Анкетниот лист се доставува до Државната комисија за спречување на корупцијата и до Управата за јавни приходи.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3335/1
25 јуни 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**ПРЕДЛОГ**

# А Н К Е Т Е Н   Л И С Т

| | |
|---|---|
| **Име, татково име и презиме** | |
| **Ден, месец и година на раѓање и единствен матичен број** | |
| **Место на раѓање (село, град, општина, држава)** | |
| **Место на постојано живеење (село, град, општина, држава, улица и број)** | |
| **Недвижен имот (назив, вид и вредност на имотот)** | |
| **Подвижни предмети – од поголема вредност (назив, вид и вредност на предметите)** | |
| **Хартии од вредност (назив, вид и вредност)** | |
| **Побарување (вид, од кого побарува и вредност)** | |
| **Долгови (вид, на кого должи, вредност)** | |
| **ДРУГ ИМОТ (назив, вид, вредност)** | |

**740.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96 и 6/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 јуни 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ОБЈЕКТИ ЗА СПОРТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Зоран Ѓорѓески се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Македонија.

2. За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стпанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Македонија се именува Зоран Коцевски, професор по историја.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3056/2
18 јуни 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**741.**

Врз основа на член 74 од Законот за заштита на потрошувачите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 63/2000 и 4/2002) и член 3 од Одлуката за формирање на Совет за заштита на потрошувачите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2001), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 јуни 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ**

1. За претседател и членови на Советот за заштита на потрошувачите се именуваат:

а) за претседател:

- Вера Пепелничка, државен советник во Министерството за економија

б) за членови:

- Суза Ангелеска, помошник раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски,
- Нада Ташковска-Арсова, раководител на одделение во Министерството за животна средина и просторно планирање,
- Афродита Патчева-Андова, дипл. правник, вработена во Стопанската комора на Македонија,
- Маријана Лончар-Велкова, претседател на Организацијата на потрошувачите на Македонија,
- Тони Димовски, помошник раководител на сектор во Министерството за финансии,
- Аџер Иметовска, раководител на одделение во Министерството за образование и наука,
- Донка Манева, раководител на одделение во Министерството за здравство,
- Навсика Петровска, раководител на Секторот за социјална политика и социјална заштита во Министерството за труд и социјална политика,
- Валентина Русковска, раководител на сектор во Министерството за локална самоуправа,
- Душко Тасев, помошник раководител на сектор во Министерството за финансии,
- Светлана Угриновска, советник во Секторот за меѓународна соработка и развој во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3231/1
18 јуни 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**742.**

Врз основа на член 23 став 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96 и 6/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 јуни 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ЈП ЗА ПОШТЕНСКИ СООБРАЌАЈ "МАКЕДОНСКА ПОШТА" - СКОПЈЕ**

1. Шахини Билѓи се разрешува од должноста заменик на директорот на Јавното претпријатие за поштенски сообраќај "Македонска пошта" - Скопје, поради истек на времето за кое е именуван.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3232/1
18 јуни 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**743.**

Врз основа на член 23 став 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96 и 6/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 јуни 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ЈП ЗА ПОШТЕНСКИ СООБРАЌАЈ "МАКЕДОНСКА ПОШТА" - СКОПЈЕ**

1. За заменик на директорот на Јавното претпријатие за поштенски сообраќај "Македонска пошта" - Скопје, се именува Агим Конѓели, дипл. правник.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3233/1
18 јуни 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**744.**

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96 и 6/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 јуни 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА ПОШТЕНСКИ СООБРАЌАЈ "МАКЕДОНСКА ПОШТА" - СКОПЈЕ**

1. Гарип Каба се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за поштенски сообраќај "Македонска пошта" - Скопје.

2. За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за поштенски сообраќај "Македонска пошта" - Скопје се именува Шкељзим Бакиу.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3234/1
18 јуни 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**745.**

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96 и 6/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 јуни 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВОДОСТОПАНСКИ ДЕЈНОСТИ ХС "ЗЛЕТОВИЦА" - ПРОБИШТИП**

1. Абдулади Љуши се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС "Злетовица" - Пробиштип.

2. За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС "Злетовица" - Пробиштип се именува Нефи Хидри, дипл. машински инженер.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-3235/1
18 јуни 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**746.**

Врз основа на член 37 и 38 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 63/00, 103/00, 34/01, 4/02 и 37/02), согласно Одлуката на Комисијата за хартии од вредност донесена на седницата одржана на 13.06.2002 година, Комисијата издава

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

1. На Битола Брокер АД Битола се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност - втора емисија на 536 обични акции во вредност од 27.257 ЕВРА односно 1.662.600 денари.

2. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и начинот предвиден со Законот и Одлуката за нивно издавање од 27.03.2002 година.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

4. Ова решение ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-585/7
13 јуни 2002 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
Претседател,
**Никола Груевски,** с.р.

**747.**

Врз основа на член 92 став 2 и член 121 став 2 од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/91, 46/93 и 55/95), Министерството за здравство, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ ПРОСТОРНИ УСЛОВИ, ОПРЕМАТА И КАДРИТЕ ЗА ОСНОВАЊЕ И РАБОТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ**

Член 1

Во Правилникот за поблиските просторни услови, опремата и кадрите за основање и работење на здравствените организации ("Службен весник на Република Македонија" бр. 11/92 и 25/96), по членот 9 се додава нов член 9-а кој гласи:

"Член 9-а

Заради вршење на општа медицинска и специјалистичко консултативна дејност, ординациите од членовите 8 и 9 на овој правилник може да имаат и биохемиски лаборатории за вршење на биохемиско лабораториска дејност ако имаат најмалку:

А) Просторни услови

- Просторија за земање на крв од 9 $м^2$ со мокар јазол и довод на топла и ладна вода и

- Просторија за изработка на биохемиските анализи од 16 $м^2$ со мокар јазол и довод на топла и ладна вода.

Б) Опрема

Лабораториски маси, лабораториски столици, легло, корпи за инфективен материјал и контејнер за собирање на лабораториски отпаден материјал, ладилник со простор за длабоко ладење, центрифуга, бројач за хематолошки елементи, микроскоп, комплет автоматски пипетори, спектрофотометар со ултравиолетово и видно подрачје со термо проточна кивета и компјутеризиран фотометар.

В) Стручен кадар

- специјалист по медицинска биохемија, или

- дипломиран фармацевт со положен стручен испит и една година искуство во биохемиска лабораторија под надзор на специјалист по медицинска биохемија, или

- еден дипломиран биолог, биохемиско физиолошки смер и една година искуство во биохемиска лабораторија под надзор на специјалист по медицинска биохемија, или

- еден дипломиран хемичар, насока применета хемија (аналитичко структурна и препаративна насока) и една година искуство во биохемиска лабораторија под надзор на специјалист по медицинска биохемија и

- најмалку еден лабораториски техничар со положен стручен испит."

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.10-5911/1
23 јуни 2002 година
Скопје

Министер,
доц. д-р **Ѓорѓи Оровчанец,** с.р.

**748.**

Врз основа на член 154 став 1 точка 1 од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2002), министерот за финансии донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСПИТ ЗА ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на спроведување на испит за осигурителен брокер (во натамошниот текст: испит).

Член 2

(1) За спроведување на испитот Министерството за финансии формира Комисија.

(2) Комисијата се состои од 5 члена од кои се избира претседател, заменик претседател и секретар на Комисијата.

Член 3

(1) Пред полагање на испитот Министерството за финансии организира обука.

(2) Комисијата ги известува заинтересираните кандидати за времето и местото на одржувањето на обуката.

Член 4

Обуката опфаќа тематски содржини од областа на правото, економијата и осигурувањето и тоа:

1) Осигурување на живот и неживотно осигурување и реосигурување;

2) Основи на сметководството во осигурувањето;

3) Осигурително право;

4) Трговско право;

5) Хартии од вредност;

6) Основи на статистиката и

7) Професионална етика.

Член 5

(1) За посета на обуката заинтересираните лица поднесуваат пријава до Министерството за финансии.

(2) Кон пријавата за посета на обуката заинтересираните лица ги доставуваат следните документи:

1) фотокопија од лична карта;

2) заверена диплома за завршено средно образование и

3) уплатен надоместок за обука и полагање на испит.

Член 6

(1) Испитот се полага писмено најмалку 15 дена од денот на завршување на обуката.

(2) Комисијата ги известува заинтересираните кандидати за времето и местото на полагање на испитот.

Член 7

(1) Пред почетокот на полагањето на испитот, секретарот на Комисијата го утврдува идентитетот на кандидатите кои полагаат.

(2) Секретарот на Комисијата, во присуство на претседателот и членовите на Комисијата, им ги поделува на секој од кандидатите одделно испитните прашања, кои се посебно заштитени од страна на Комисијата.

(3) На испитот присуствуваат само претседателот, членовите и секретарот на Комисијата и кандидатите кои полагаат.

(4) За време на полагање на испитот не е дозволено меѓусебно договарање, користење на недозволени средства, ниту напуштање на просторијата во која се изведува полагањето.

(5) Кандидатот го предава тестот во времето определено за полагање на испитот.

Член 8

(1) Секретарот на Комисијата води записник, во кој се внесуваат следните податоци:

1) Состав на Комисијата;

2) Име и презиме на кандидатот;

3) Датум на полагање на испитот;

4) Испитни прашања поставени на кандидатот и

5) Одлука на Комисијата за постигнатиот успех на кандидатот на испитот.

(2) Записникот го потпишуваат претседателот на Комисијата, членовите на Комисијата присутни на испитот и секретарот на Комисијата.

Член 9

(1) Комисијата го оценува описно постигнатиот успех на кандидатот на испитот како "Положил" или "Не положил".

(2) Кандидатот успешно го положил испитот доколку остварил најмалку 60% од можните бодови на испитот.

(3) Кандидатот кој не го положил испитот може само еднаш да го повтори полагањето на испитот.

(4) Кандидатот кој два пати едноподругo не го положил испитот, го губи правото да го полага испитот предвиден со обуката.

Член 10

За кандидатите кои успешно го положиле испитот се води евиденција во Министерството за финансии.

Член 11

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 18-15760/3 | Министер |
| 3 јули 2002 година | за финансии, |
| Скопје | **Никола Груевски,** с.р. |

---

**749.**

Врз основа на член 11 од Законот за исплата на платите во Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/2001, 26/2002 и 46/2002), министерот за труд и социјална политика, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА СРЕДСТВАТА ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИ, СОСТАВУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТКИТЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ТИЕ ПРЕСМЕТКИ ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ - УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

Член 1

Во Правилникот за начинот на утврдување на износот на средствата за исплата на плати, составување на пресметките и доставување на тие пресметки до Министерството за финансии - Управа за јавни приходи ("Службен весник на РМ" бр. 56/2001), во членот 1 по став 2 се додаваат два нови става 3 и 4 кои гласат:

"Работодавците од членот 3 став 4 од Законот за месец јули 2002 година и натаму под реден број 1 го внесуваат податокот за правото на нето плата по работник за месец јуни 2002 година кое се утврдува кога износот искажан на реден број 5 за месец јуни 2002 година ќе се подели со податокот на реден број 4.

Работодавците од член 3 став 3 од Законот за месец јуни 2002 година под реден број 5 го внесуваат податокот за вкупната нето плата искажана на овој реден број за месец мај 2002 година и зголемена за износот на разликата помеѓу обезбедените средства за плати од Буџетот на Република Македонија, односно Фондот за здравствено осигурување на Македонија за месец јуни 2002 година и месец мај 2002 година."

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 08-3116/02 | Министер |
| 3 јули 2002 година | за труд и социјална политика, |
| Скопје | **Бедредин Ибраими,** с.р. |

---

ИСПРАВКА

По извршеното срамнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за угостителската и туристичката дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 25/2002), направена е грешка поради што се дава

## ИСПРАВКА
## НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТУРИСТИЧКАТА И УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ

Во членот 13 во новиот член 30-г во вториот ред наместо буквата „Б" треба да стои буквата „В".

| | |
|---|---|
| Бр. 10-2510/2 | Од Законодавно-правната |
| 1 јули 2002 година | комисија на Собранието на |
| Скопје | Република Македонија |

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ

Основниот суд Скопје I - Скопје, постави привремен застапник на тужената Нецмије Алајбегу од Скопје, сега со непозната адреса во странство, бидејќи е во тек парнична постапка по тужба на тужителот Мунтаз Алајбегу од Скопје, ул. "Козле 1" бр. 55, за развод на брак.

Судот за привремен застапник на тужената согласно чл. 78 ст. 4 и 5 од ЗПП, го постави адвокатот Биљана Јандриоска од Скопје, ул. "Пајко Маало" бб, за да ги штити правата и интересите на тужената пред судот се додека тужената или нејзиниот полномошник не се појават пред судот, односно додека Меѓуопштинскиот центар за социјални работи на град Скопје - Скопје, не го извести судот дека назначил старател на тужената.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, XIX. П. бр. 291/2002. (18464)

### ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО

Пред Основниот суд во Тетово по тужба на тужителот Есати Сатки од с. Отушиште, против тужената Диана Голднер од Франкфурт, СР Германија, со непозната адреса се води постапка за развод на брак.

Се повикува тужената да се јави на судот, да достави адреса или да овласти полномошник кој ќе ја застапува во оваа постапка до нејзиното окончување. Во спротивно, по протекот на 30 дена судот преку Центарот за социјални работи во Тетово ќе и постави привремен застапник.

Од Основниот суд во Тетово, П. бр. 525/2002. (18547)

---

## ЗАПИШУВАЊЕ ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд Штип во Штип, со решението Трег. бр. 67/2002 од 01.02.2002 година, во регистарската влошка бр. 03009635?-6-01-000, го запиша во трговскиот регистар уписот на ТП на Трговецот поединец за трговија Маја-Пром Маја Рате Гицова ТП ул. "Нада Михајлова" бр. 67, Пробиштип.

Назив: Трговец поединец за трговија Маја-Пром Маја Рате Гицова ТП. Скратен назив: ТП Маја. Седиште: ул. "Нада Михајлова" бр. 67, Пробиштип.

Дејности: 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.62, 52.63.

За обврските преземени во правниот промет ТП одговара лично со сиот свој имот. Во правниот промет со трети лица ТП го застапува Маја Рате Гицова со неограничени овластувања - овластен потписник.

Од Основниот суд Штип во Штип, Трег. бр. 67/2002. (9968)

---

Основниот суд Штип во Штип, со решението Трег. бр. 42/2002 од 04.02.2002 година, во регистарската влошка бр. 03009610?-3-03-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на друштвото со ограничена одговорност на Друштвото за производство промет и услуги Технофилтер ДОО Христов Методи и др. увоз-извоз Делчево ул. "Маршал Тито" бр. 23.

Дејности: 17.40, 17.40/1, 17.53, 17.54, 17.54/2, 18.21, 18.24, 24.70, 26.14, 29.23, 15.81/1, 31.62, 33.40, 52.11, 52.12, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 74.82, 93.05.

Во правниот промет со трети лица Друштвото за производство промет и услуги Технофилтер ДОО Христов Методи и др. увоз-извоз Делчево ул. "Маршал Тито" бр. 23, настапува во свое име и за своја сметка.

Друштвото во внатрешниот промет ќе го застапува Христов М Кирил - управител со неограничени овластувања. Друштвото во надворешниот промет го застапува Христов М Кирил - управител со неограничени овластувања.

Во правниот промет со трети лица друштвото настапува во свое име и за своја сметка. За обврските сторени во правниот промет со трети лица друштвото одговара со сите свои средства.

Содружници на друштвото се Христов Методи и Христова Деса од Делчево.

Од Основниот суд Штип во Штип, Трег. бр. 42/2002. (9970)

---

Основниот суд Штип во Штип, со решението Трег. бр. 11/2002 од 16.01.2002 година, во регистарската влошка бр. 03009579?-8-01-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на ДООЕЛ на Друштвото за трговија, производство и услуги М 2002 ДООЕЛ увоз-извоз Штип ул. "Ванчо Китанов" бр. 4/35.

Единствен содружник: Колев Николчо од Штип.

Дејности: 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 52.62, 52.63, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.37, 51.41, 51.42, 51.42/1, 52.42/2, 51.43, 51.44, 51.47, 51.53, 51.54, 45.42, 45.43, 36.12, 36.13, 36.14, 17.40, 17.40/1, 17.40/2, 18.22, 18.23, 15.98, 15.98/1, 15.98/2, 15.81, 15.81/1, 15.81/2, 55.30, 55.30/1, 55.30/2, 55.40, 60.22, 60.24, 63.12, 63.21, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, меѓународен превоз на стоки и патници, меѓународна шпедиција, реекспорт, малограничен промет со Р Бугарија, Р Грција и СР Југославија.

Во правниот промет со трети лица друштвото настапува во свое име и за своја сметка, а одговара со сите свои средства.

Колев Николчо - управител и застапник со неограничени овластувања.

Од Основниот суд Штип во Штип, Трег. бр. 11/2002. (9971)

---

Основниот суд Штип во Штип, со решението Трег. бр. 69/2002 од 12.02.2002 година, во регистарската влошка бр. 03009637?-8-01-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на ДООЕЛ на Друштвото за производство, промет и услуги Уранија-ЛГ ДООЕЛ увоз-извоз Кочани ул. "Маршал Тито" бр. Б2 4/23.

Основач-единствен содружник е Трајановски Симеон од Кочани, ул. "Маршал Тито" бр. Б2 4/23.

Дејности: 15.71, 15.81/1, 15.81/2, 15.98/1, 15.98/2, 17.40/1, 17.40/2, 17.51, 17.53, 17.54/1, 17.54/2, 17.60, 17.71, 17.72, 18.10, 18.21, 18.22, 18.23, 18.24, 18.30, 19.30, 25.22, 25.23, 25.24, 28.11, 28.72, 28.73, 37.10, 45.31, 45.32, 45.33, 50.10, 51.11, 51.19, 51.21, 51.22, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.41, 51.42/1, 51.42/2, 51.44, 51.53, 51.54, 51.66, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44/3, 55.11, 55.12, 55.30/1, 55.30/2, 60.22, 60.24, 63.30, 63.40, 65.12/3, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, посредување и застапување во прометот со стоки и услуги, превоз на стоки и патници во меѓународниот патен сообраќај, меѓународна шпедиција, малограничен промет на стоки и услуги со Република Бугарија, реекспорт.

Во правниот промет со трети лица друштвото настапува во свое име и за своја сметка со неограничени овластувања. За обврските во правниот промет со трети лица друштвото одговара со сиот свој имот.

Трајановски Симеон - управител и застапник со неограничени овластувања во управувањето и застапувањето во внатрешниот и надворешнотрговскиот промет.

Од Основниот суд Штип во Штип, Трег. бр. 69/2002. (9972)

Основниот суд Штип во Штип, со решението Трег. бр. 113/2002 од 14.02.2002 година, во регистарската влошка бр. 03009681?-8-06-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на Друштвото за превоз и трговија Карика-Транс 2 ДООЕЛ Штип ул. "Никола Чаулев" бр. 14.

Дејности: 01.11, 01.11/1, 01.11/2, 01.11/3, 01.11/4, 15.61, 15.81, 15.81/1, 15.81/2, 15.89, 50.10, 50.20, 50.30, 50.30/1, 50.30/2, 50.30/3, 51.11, 51.12, 51.13, 51.14, 51.15, 51.16, 51.17, 51.18, 51.19, 51.21, 51.22, 51.23, 51.24, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42, 51.42/1, 52.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.51, 51.52, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 51.57, 51.61, 51.62, 51.63, 51.64, 51.65, 51.66, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 63.11, 63.12, 71.21, 93.05, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, малограничен промет со Бугарија, Грција и СР Југославија, продажба на стоки во консигнациони складишта, реекспорт, комисиона продажба, меѓународен превоз на стоки и патници, меѓународна шпедиција.

Во правниот промет со трети лица друштвото настапува во свое име и за своја сметка. За обврските сторени во правниот промет со трети лица друштвото одговара со сиот свој имот. Единствен содружник на друштвото е правното лице - Друштво за трговија и услуги Карика-Транс Ефтим Доганџиски и др. увоз-извоз јтд од Штип со седиште на ул. "Никола Чаулев" бр. 14.

Во правниот промет со трети лица, внатрешниот и надворешниот промет друштвото ќе го застапува лицето Ефтим Доганџиски од Штип - управител без ограничувања.

Од Основниот суд Штип во Штип, Трег. бр. 113/2002. (9974)

---

Основниот суд Штип во Штип, со решението Трег. бр. 77/2002 од 08.02.2002 година, во регистарската влошка бр. 03009645?-8-01-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на ДООЕЛ на Друштвото за трговија, производство и услуги АНИ-В увоз-извоз ДООЕЛ Струмица ул. "Васил Сурчев" бр. 3-1/9, Струмица.

Единствен содружник во друштвото е Аница Варга ул. "Васил Сурчев" бр. 3-1/9, Струмица.

Основна главница на друштвото е 2.650 евра или 159.795,00 денари.

Дејности: 01.11/1, 01.11/2, 01.11/3, 01.11/4, 01.12/2, 01.13/1, 01.13/2, 01.24, 01.25, 01.30, 17.30, 18.21, 18.22, 18.23, 18.24, 50.10, 50.20, 50.30/1, 50.30/2, 50.40/1, 50.40/2, 50.50, 51.19, 51.21, 51.22, 51.23, 51.24, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.51, 51.52, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 51.61, 51.62, 51.63, 51.64, 51.65, 51.66, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.32, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 52.62, 52.63, 55.11, 55.12, 55.30/1, 55.30/2, 55.40, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 63.12, 63.30, 63.40, 71.10, 71.21, 92.34, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, реекспорт, консигнациона продажба, угостителски и туристички услуги, меѓународна шпедиција, меѓународен транспорт на стоки и патници, малограничен промет со соседните земји.

Во правниот промет друштвото истапува во свое име и за своја сметка. За обврските сторени во правниот промет со трети лица друштвото одговара со сиот свој имот и средства.

Управител со неограничени овластувања е Аница Варга ул. "Васил Сурчев" бр. 3-1/9, Струмица.

Од Основниот суд Штип во Штип, Трег. бр. 77/2002. (9975)

---

